Република Северна Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр.04-251/2 06.07.2026г.

Republic of North Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel., факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk WEB: http:/www.nuub.mk

Врз основа на член 77-а став 1 алинеја 2 и став 3, член 77-б и член 77-и од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18, 265/24 и 132/25), член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20, 208/24 и 252/25), Известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр. 19-4831/2 од 30.06.2026 година и во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција за унапредување, како и начинот на нивно бодување во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, бр. 02-104/6 од 11.05.2021 година, НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 01/2026
### за пополнување на работни места со унапредување

Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола објавува интерен оглас за следните работни позиции:

1. КУЛ 03 04 Д03 001 - Библиотекар - Стручен соработник во каталогизација на монографски публикации – 1 извршител

Општи услови:

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- Високо образование – најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен (историја на уметност; наука за книжевноста; образование;)
- до една година работно искуство;

Распоред на работно време:

- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: прва смена од 07:00 до 15:00 часот

Паричен нето износ на плата: 52.289,00 денари

2. КУЛ 03 04 Д03 001 - Библиотекар – Библиотекар за заштита и обработка на библиотечен материјал – 1 извршител

Општи услови:

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- Високо образование – најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен (научно подрачје – инженерство и технологија);
- до една година работно искуство;

Распоред на работно време:

- Работни денови: понеделник – петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: прва смена од 07:00 до 15:00 часот,

Паричен нето износ на плата: 52.289,00 денари

На интерниот оглас може да се пријави давател на јавни услуги, вработен во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за култура и со Правилникот за систематизација на работните места во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола и условите од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција за унапредување, како и начинот на нивно бодување во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола:

- да е оценет со оцена „особено се истакнува" или „се истакнува" при последното оценување;
- да е на работно место непосредно пониско ниво, од работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за пријавување на интерниот оглас изнесува 5 (пет) дена од денот на неговото објавување.

Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност, да потврдат дека податоците во пријавата и доставените документи се точни.

Потребно е секој кандидат кој се пријавил на интерниот оглас во прилог на пријавата и доказите за податоците од пријавата, да достави кратка биографија CV и мотивационо писмо.

Постапката за унапредување се состои од две фази: селекција и интервју. Селекцијата се состои од проверка на пријавата за унапредување со условите утврдени од

правилникот за интерен оглас и доставените документи. Кандидатите кои ги исполнуваат условите продолжуваат во втората фаза, односно интервју.

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја доставаат директно во архивата на библиотеката, заклучно со последниот ден до 15:00 часот.

**Ненавремени и некомплетни пријави и документи нема да се разгледуваат.**

**НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.**

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола
Директор

м-р Емилија Стефановска Давкова